SYMPOSION

# Програма на патувањето
## (Атина 16–18 мај 2019)

### 3 ДЕНА/2 НОЌЕВАЊА, АВТОБУСКИ ПРЕВОЗ

### 1 ден 15.05.2019 (среда) СКОПЈЕ–АТИНА

Собир на групата пред хотелот *Holiday INN* во 19.00 ч. Поаѓање кон Атина во 19:30 ч. Ноќно возење со попатни паузи за одмор.

### 2 ден 16.05.2019 (четврток) АТИНА

Пристигнување во Атина во утринските часови. Панорамски разглед на градот со автобус и локален водич. Панорамско разгледување на Плоштадот Омониа, Плоштадот Синтагма, каде што се наоѓа Парламентот и стражата на Евзони, Олимпискиот стадион, Зевсовиот храм, Хадријановата врата, Бајроновиот споменик, Националната библиотека. Посета на Акропол со влезница во музејот. Лесен ручек. Сместување во хотелот Iniohos Hotel. Работилница за јавни набавки од 14:00 до 18:00 ч. Вечера. Ноќевање.

### 3 ден 17.05.2019 (петок) АТИНА–ПИРЕЈА–СУНИОН

Појадок. Работилница за јавни набавки од 9:00 до 13:00 ч. Во 14:00 ч. се упатуваме долж Аполоновиот брег до Сунион, најјужната точка на Атика (Посејдоновиот храм, Аполоновиот брег и Глифада) во влезница на локалитетот. Попатно, пауза за фотографирање на езерото Вулиагмени. Лесен ручек. Враќање во хотелот во вечерните часови. Вечера во хотел. Ноќевање.

### 4 ден 18.05.2019 (сабота) АТИНА–ПЕЛОПОНЕЗ–СКОПЈЕ

Појадок. Одјавување од хотелот. Целодневна екскурзија на Пелопонез. Се поминува Коринтскиот Канал, кој го соединува Саронскиот Залив на Егејското Море и Лахејскиот Залив на Јонското Море, од каде што се оди до островот Пелопонез. Можност да се види и фотографира преубавата глетка од мостот над самиот канал. Се посетува и Епидавар (вклучена влезница) – родното место на Асклепиј, бог-лечител од митологијата. Тука се наоѓа и најубавиот антички театар со неверојатна акустика. Се продложува кон Нафплио – првата престолнина на новата грчка држава. Се посетува златниот град Микена (вклучена влезница) – град на легендарниот цар Агамемнон, откриен од археологот Хајнрих Шлиман, кој воедно претставува најважен археолошки објект во Грција. Разглед на величествената лавовска порта на влезот од микенската тврдина, руините од дворецот и царските гробници, како и гробницата на Агамемнон. Во вечерните часови се уплатуваме кон Скопје. Ноќно возење со попатни паузи.

### 5 ден 19.05.2019 (недела)

Пристигнување во Скопје во раните утрински часови.

Друштво за едукација, консалтинг
и други интелектуални услуги
СИМПОЗИОН ДОО – Скопје

ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
**e-mail:** info@simpozion.mk
**тел.:** 078 271 576
www.simpozion.mk

ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ **ВКЛУЧУВА**:

- ✓ Автобуски превоз на наведената релација.
- ✓ Хотелско сместување на база 2 полупансиони и 2 лесни ручеци.
- ✓ Организација на аранжманот и туристички придружник на групата.
- ✓ Разглед на Атина – влез во музејот на Акропол со локален водич.
- ✓ Посета на Сунион – влез на локалитетот со локален водич.
- ✓ Посета на Пелопонез – влез во Епидавар и Микена со локален водич.
- ✓ Туристичка такса.

ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ **НЕ ВКЛУЧУВА**:

- Задолжително патничко осигурување (160 ден.).

Овде може да го погледнете хотелот INIOHOS HOTEL, каде што ќе бидат сместени учесниците.

**НАПОМЕНИ**:

- За ова патување е потребен валиден биометриски пасош.
- За реализација на патувањето, потребен е минимум од 35 патници.
- За резервација на аранжманот, потребна е целосна уплата.
- Откаж на аранжманот до 14 или помалку денови пред поаѓање – 100% пенали.

Друштво за едукација, консалтинг
и други интелектуални услуги
СИМПОЗИОН ДОО – Скопје

ул. Франклин Рузвелт 54/1-16
**e-mail:** info@simpozion.mk
**тел.:** 078 271 576
www.simpozion.mk